**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | | |
|---|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: | ИТ-04-82- Т |
| | Датум: | 12. март 2008 |
| | Оригинал: | англиски |

**<u>ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II</u>**

**Судии:** **Судија Кевин Паркер, Претседавач**
**Судија Кристине ван ден Вингаерт**
**Судија Кристер Телин**

**Секретар:** **г. Ханс Холтхуис**

**Датум на поднесување:** **12. март 2008**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

**ЈАВНО**

# РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕСОКОТ НА ТАРЧУЛОВСКИ ЗА ДОЗВОЛА ДА БИДАТ ДОДАДЕНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ДОКАЗНИ ПРЕДМЕТИ НА НЕГОВАТА 2Д ЛИСТА НА ДОКАЗНИ ПРЕДМЕТИ ЗА ОДБРАНАТА

**<u>Канцеларија на Обвинителот:</u>**

г. Дан Саксон
г-ѓа Антоанет Исо
г-ѓа Мерител Реги
г. Герард Добин
г-ѓа Ниша Валабхи

**<u>Бранители на Обвинетите:</u>**

г-ѓа Едина Решидовиќ и г. Гуенел Метро за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски и г-ѓа Јасмина Живковиќ за Јохан Тарчуловски

1. Овој Судски совет (понатаму во текстот: Судскиот совет) на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународен суд) е задолжен да решава по „Поднесокот на Тарчуловски за дозвола да бидат додадени дополнителни доказни предмети на неговата 2Д листа на доказни предмети за Одбраната“ поднесена од Одбраната на Тарчуловски (понатаму во текстот: Одбрана на Тарчуловски) на 4. март 2008 (понатаму во текстот: Поднесок). Обвинителството поднесе реакција на 11. март 2008, во која тие не се противат на Поднесокот.[1]

2. Во овој Поднесок Одбраната на Тарчуловски бара дозвола да додаде 14 документи на нејзината листа на доказни предмети според правило 65*ter*. Се тврди дека овие документи се пропратен материјал или материјали на кои се потпира сведокот експерт на Одбраната на Тарчуловски, Благоја Марковски, и се цитирани во неговиот извештај. Понатаму се тврди дека овие документи му биле обелоденети на Обвинителството на 26. и 27. февруари 2008.

3. Како што Судскиот совет веќе се има изјаснето, постои разлика меѓу прифаќање на некој документ во доказните списи како доказен предмет и вклучувањето на некој документ во листата на предложени доказни предмети на некоја страна во согласност со правило 65*ter* од Правилникот за постапка и докази (понатаму во текстот: Правилник). Целта на листата според правило 65*ter* е да го извести Обвинителството дека Одбраната има намера да се потпре на тој документ при изведувањето на докази од Одбраната во текот на судскиот процес, што ќе му овозможи на Обвинителството соодветно да ја подготви својата теза. Нема потреба Судскиот совет да ја проценува релевантноста и доказната вредност на таквите документи. Меѓутоа, не треба да и се дозволи на некоја страна да додаде во својата листа на доказни предмети документи што се очигледно нерелевантни.[2]

4. Предложените документи вклучуваат, *inter alia*, написи од весници и интервјуа за постоењето и составот на ОНА, извештај за можните корени на конфликтот во Македонија, резолуции донесени од Европскиот патламент и од Советот за безбедност што се однесуваат на ситуацијата во Македонија во 2001, извадок од Правилникот за служење во армијата и извадок од Прирачникот на НАТО од 2001.

---

[1] Реакција на Обвинителството на „Поднесокот на Тарчуловски за дозвола да бидат додадени дополнителни доказни предмети на неговата 2Д листа на доказни предмети за Одбраната“, 11. март 2008.
[2] Усно решение од 4. април 2007, Т 243.

5. Документот според правило 65*ter* 2Д00713 е Прирачник на НАТО од 2001. Одбраната на Тарчуловски бара дозвола да додаде на својата листа на доказни предмети според правило 65*ter* само една страна од него, страна 42. Меѓутоа, Судскиот совет забележува дека овој документот според правило 65*ter* 2Д00713 веќе бил прифатен во доказните списи во текот на овој судски процес.[3] Бидејќи страната 42 е вклучена во тој доказен предмет, барањето за додавање на страната 42 на листата во согласност со правило 65*ter* е ирелевантно.

6. Сите други документи коишто Одбраната на Тарчуловски бара да ги додаде на својата листа според правило 65*ter*, како на пример документите според правило 65*ter* 2Д00701 – 2Д00712 и 2Д00714 се чини дека се релевантни за спорните прашања во Обвинението. Тие даваат повеќе подробности за тезата на Одбраната на Тарчуловски. Овие документи му беа обелоденети на Обвинителството пред Одбраната на Тарчуловски да го започне изнесувањето на својата теза. Според мислењето на Судскиот совет, нема да биде на штета на Обвинителството, доколку биде дозволено овие документи да бидат додадени.

7. Судскиот совет забележува дека додека во македонските оригинални документи според правило 65*ter* 2Д704 и 2Д708 се чини дека постојат информации за изворот и датумот на овие документи, англискиот превод не содржи такви информации и треба да биде соодветно дополнет.

Врз основа на гореизнесените причини и во согласност со правило 65*ter* од Правилникот за постапка и докази, Судскиот совет:

**ГО ОДОБРУВА** Поднесокот **ДЕЛУМНО**, и решава како што следи:

(i) Поднесокот е нерелевантен во однос на барањето да се додаде документот според правило 65*ter* 2Д00713 на листата на Одбраната на Тарчуловски бидејќи документот е веќе прифатен во доказните списи;

(ii) Судскиот совет и дозволува на Одбраната на Тарчуловски да ги додаде документите според правило 65*ter* 2Д00701 – 2Д00712 и 2Д00714 на својата листа на доказни предмети според правило 65*ter*;

[3] *Обвинителот против Бошкоски и Тарчуловски,* предмет бр. ИТ-04-82-Т, Распит, 12. март 2008 Т 1 (страна на привремен транскрипт). Според решението на Судскиот совет, страните 1 и 42-47 од документот според правило 65*ter* 2Д00713 беа прифатени во доказните списи како Доказен предмет П603.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

Датирано од 12. март 2008,
Во Хаг
Холандија

(своерачен потпис на оригиналот)
Судија Кевин Паркер
Претседавач

**[Печат на Меѓународниот суд]**